# ТД МАКОТЕКС АД Скопје

## ИЗМЕНА НА ТРЕТ ОГЛАС
### ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНОСТ
### СО ПРИБИРАЊЕ НА ПИСМЕНИ ПОНУДИ

Предмет на продажба

Се продава недвижност – **административно-деловен објект (недвижност), во сопственост на ТД Макотекс АД – Скопје на ул. Македонија бр. 9-11, Скопје**, кој се состои од подрум, приземје и четири спрата, со вкупна површина од 2.362 м2 и дворно место од 52 м2 и под објект 569м2 или вкупно 621 м2, по Имотен лист бр. 25935 од Републичка Геодетска Управа – Одделение за премер под бр. 1141/17687 на ден 03.08.2006 година за К.П. бр. 13523 дел 1. зграда 1. план 023. скица 134. за Катастарска општина Центар -1 и Решение 12844/94 од 08.05.1995 година.

Товар

Со продажба на недвижноста - деловниот објект се презема договорот за закуп на недвижноста (административниот и деловен простор).

Начин и документи за продажба

Продажбата ќе се изврши со прибирање на писмени понуди.

Понудувачите треба да достават писмено барање за подигање на документација за продажба, која се состои од имотен лист, решенија, опис и проект на недвижноста – деловен објект, информации за товар. Цената на документација е 30.000 МКД. Рокот **Рокот за подигнување на документација се продолжува до 9 јуни 2008 година** во дирекцијата на ТД Макотекс АД – Скопје, ул. Македонија бр. 9-11, секој ден од 9 – 14 часот.

Понудувачите со претходно закажување може да го прегледаат деловниот објект.

Продажбата е за видено – купено, без гаранција за квалитетот на недвижноста.

Рок и место за поднесување на понуди

**Рокот за поднесување на понуди се продолжува до 23 јуни 2008 година, во 13 часот.**

Понудите се поднесуваат до Одборот на директори на ТД Макотекс АД – Скопје со назнака „за продажба на административно-деловен објект“.

Право на учество и гаранција

Понудите треба да бидат важечки за период од 60 дена, исто како и гаранциите.

Право на **учество и склучување договор** имаат сите правни и физички лица кои претходно:

- подигнале документација за продажбата,
- положиле гаранција во износ од 150.000 Евра (СтоПеесетИљадиЕвра).

Гаранцијата треба да биде банкарска гаранција или готовинска гаранција.

Уплатата се врши на сметка на ТД Макотекс АД – Скопје.
На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по одлуката за избор на најповолен понудувач.
Во случај на откажување на избраниот понудувач гаранцијата не се враќа.

Избор и склучување на договор
Одборот на директори на ТД Макотеск АД - Скопје може **да не избере ниедна понуда**.
Со понудувачот на најповолната понуда се склучува договор.
Данокот на промет, нотарски трошоци и трошоци за воведување на недвижноста во Државен завод за геодетски работи, паѓаат на товар на купувачот.
Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во предвидениот рок, ќе се смета договорот за раскинат.

Дополнителни информации
Дополнителни информации може да се побараат исклучиво по електронска пошта на емаил: centarprodazba@makotex.com.mk
Контакт лице: Драгољуб Бундалевски, Главен извршен директор.
Ова објава ќе биде објавена во два национални весници и на веб страната на ТД Макотекс АД  Скопје www.makotex.com.mk

Одбор на директори
ТД Макотекс АД - Скопје